УДК: 903 : 2 – 146 (497.774) "1"

*Ѓоко Ѓорѓевски*

# ПРОМОТИВНА РЕЧ НА ЗБОРНИКОТ НА ТРУДОВИ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ НАУЧЕН СИМПОЗИУМ: „МАНАСТИР СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ – СЛЕПЧЕ, ДУХОВЕН, КНИЖЕВЕН И УМЕТНИЧКИ ЦЕНТАР", СЛЕПЧЕ 2015

„Големината на народите не се мери според бројот на припадниците на народот, туку според духот на тој народ, во духовната оставина – ризницата." Така започнува ова писание, со зборовите од предговорот на Неговото Високопреосвештенство, митрополитот Петар, кој мудро созерцава врз сведоштвата за едно непроценливо, а сѐ уште недооткриено духовно сокровиште на овие благословени простори. Тоа извира од јасното сознание дека единствено вистинско богатство е она што се спечалува со Бога и она што никој никогаш не ќе може да го одземе, а кое, макар привремено затаено и замолчено, останува и по сите ропства, премрежиња и туѓински пустошења. Благословен е оној народ што, како старозаветниот пророк, може да каже: „Оти има ли некој голем народ, кому неговиот бог му се приближил толку, како што е близок кон нас Господ, нашиот Бог, кога и да го повикаме?" (5Мојс 4,7) Мојсеј говори за голем народ, токму кога тој сѐ уште нема ниту дом, ниту посед, кога се наоѓа в пустина, која е земја ничија и сечија, а го чекори одот на ветувањето добиено од Бога. И, во тоа е неговата големина, која другите тогашни народи не можеле или не сакале да ја разберат.

Токму затоа, исклучителен придонес во осознавањето и обзнанувањето на дел од тоа духовно сокровиште е направен преку истражувањата поврзани со постарата и поновата историја на демирхисарското црковно и духовно културно наследство по повод јубилејот – 1000 годишни од манастирот Св. Јован Претеча, Слепче и Демир Хисар во 2015 година. Пред нас денес е зборник во кој се собрани трудовите на учесниците на меѓународниот научен симпозиум насловен како: „Манастир Свети Јован Крстител – Слепче, духовен, книжевен и уметнички центар", кои се резултат на длабински истражувања на научници од културата, историјата, писменоста, поезијата, археологијата и уметноста. На овој начин тие значајни научни сознанија

стануваат достапни за сите, а посебно за оние што си го ценат и си го вреднуваат соодветно сопственото културно, црковно и духовно богатство.

На почетокот од Зборникот, по поздравните обраќања од свеченото отворање на Меѓународниот симпозиум, следуваат 12 исклучителни научни прилози.

Првиот труд му е предназначен на светителот кому му е посветен Слепченскиот манастир, а е насловен: „Свети Јован Претеча – егзегеза на неговиот повик за покајание“. Авторот на овој текст, протоѓакон Ратомир Грозданоски, егзегетски ги прегледува новозаветните евангелски текстови кои говорат за светиот Претеча Христов и пророк; „и не само пророк туку и поголем од пророк (Матеј 11,9), бидејќи за него и пророците пророкувале“, како за „непосреден сведок“ и силна потврда дека е Исус ветениот и долго очекуваниот Месија и Спасител. И не само сведок туку и поголем од сведок, затоа што сведочеше како со животот така и со смртта.

Следниот научен прилог е подготвен од академик Цветан Грозданов: „За градителските и зографските потфати во манастирската црква Св. Јован Претеча (Продром) во Слепче, во втората половина на XIX век“. Авторот во својот труд истакнува дека „градежно-сликарските работи“ на манастирот од тоа време „биле маргинализирани поради ликовните дела од постариот период, како и поради интересот кон ракописната збирка на манастирот“. Значајниот научен прилог се состои во понудениот прекрасен и исцрпен преглед на податоците за тогашните градителски и зографски активности за слепченската црква, која е „специфична по својата основа, облик и артикулирање во просторот“, а „се разликува од современите градби во Пречиста Кичевска и Св. Јован Бигорски“, иако несомнено „заедно со нив е најмонументална градба во овој дел на Македонија“.

Ѓакон Дејан Борисов пишува за „Историографските белешки за манастирот Слепче (XIV–XXI век)“. Во прилогот се навраќа на една од легендите поврзани со неговата изградба од страна на царот Самуил. Потоа вниманието го посветува на големата и непроценлива ракописна библиотека на манастирот, од која е зачуван само мал дел ракописи, кои денес се наоѓаат во разни библиотеки и музеи во светот; за најстариот ракопис што ни е познат нам од XII век, таканаречениот Слепченски апостол, за ракописното Изворно Евангелие и Триод од 14 век. Авторот, сепак, не се ограничува само на пренесување податоци, туку поставува и нови прашања за веќе познатите сведоштва, а презентира и необјавени податоци од 19 век, како и од периодот што следува.

Иванка Гергова, пак, се посветува на проучувањето на „Подоцнежната историја на слепченскиот манастир ‘Св. Јован Претеча’ според неговите

записи“. Текстот детаљно ги анализира податоците од три ракописни записи од манастирот во Слепче од 18 и 19 век. Станува збор за необјавени ракописи, кои се чуваат во националната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во Софија, а кои содржат податоци за околните села и градови и животот на манастирот во тоа време.

Академик Ѓорѓи Поп-Атанасов пишува за „Слепченската ракописна збирка“. Познато е дека се работи за значајна колекција на словенски и византиски ракописи од минатото, во голема мера оформена во текот на 16 век, кога манастирот бил огниште на активна книжевна дејност. Тогаш се добиени ракописи од други цркви и манастири за потребите на манастирскиот скрипториум, па така е основана богата библиотека на стари црковни книги. Библиотеката содржела дел од словенските ракописи што биле произведени во манастирскиот писарница, а како најзаслужни за тоа се споменуваат монасите Висарион, Пахамиј, Матеј. Според авторот, во манастирот Слепче имало неколку стотици ракописи, пишувани во периодот од 11 до 19 век, од кои повеќето биле на старословенски, а кои го привлекуваат должното внимание на повеќе светски истражувачи, како во минатото така и денес.

Научниот прилог на Виктор Недески е насловен: „Свети Кипријан Слепченски – еден непознат светител“. За волја на вистината, до одржувањето на Симпозиумот овој наш светител, чија канонизација се случи годинава, и покрај зачуваните сведоштва, навистина беше непознат. На маргините на едно Слепченско четвороевангелие од 1548 година зачуван е споменот за страдалното маченииштво на игуменот Кипријан за време на страдалната седмица во 1780 година, во периодот непосредно по укинувањето на Охридската архиепископија.  Авторот во својот труд претставува неколку образложенија за потиснувањето на споменот за овој светител – преподобен и маченик, како и размислувања за потребните чекори што треба да се преземат. Две години подоцна овој светител, прославен на небесата со самото маченииштво, Македонската православна црква и официјално го прослави и го вброи во редот на светителите.

Елизабета Касапова своето внимание го има посветено на „Архитектонските особености на манастирската црква ‘Свети Јован Претеча’ – Слепче“. Авторот бележи дека црквата Св. Јован Крстител била изградена во 1862 година над постара сѐ уште непозната црква. Додека за неа нема информации, за новата градба говорат четири натписи: два веќе претходно објавени и два кои првпат се забележуваат во овој труд. Во овој научен прилог се понудува посеопфатно читање на црковната градба, преку презентирање на неколку важни карактеристики, кои ја разликуваат од групата на другите цркви градени во 19 век.

Миљана М. Матиќ, пак, прави „Осврт на иконописот на Пеќската патријаршија. Во потрага по хронолошки, иконографски и стилски паралели со иконите од манастирот Слепче“. Трагајќи по хронолошките и по стилските аналогии на иконите од Слепче од 16 век на територијата на Пеќската патријаршија, во текстот се посочуваат иконите на Господ Исус Христос и Пресвета Богородица од манастирот Грачаница во Косово, како и богородичната икона Одигитриа во манастирот Крушедол. Авторот пронаоѓа и стилска сличност на иконите на Архангел Михаил од Слепче и онаа од црквата Свети Никола во Драјчиќ, во близина на Призрен. Во своето истражување, посебен акцент е посветен на слепченските икони од првата половина на XVII век, како и на поголем број иконостасни крстови од територијата на Охридската архиепископија, кои типолошки и формално се разликуваат од крстовите на територијата на обновената Пеќска Патријаршија во текот на споменатиот период.

Научниот прилог на Сашо Цветковски е посветен на „Живописот во манастирот Слепче од времето на XIX век“. Авторот забележува дека најзначајниот настан за манастирот Слепче од времето на XIX век е токму обновата, односно изградбата на новиот манастирски храм и неговото живописување. Неговиот научен интерес е насочен исклучиво кон живописот во манастирот од тој период, поточно фреско-живописот во католиконот од 1863 г., како и неколкуте вредни икони во манастирот, што несомнено овозможува поцелосен увид врз тогашните уметничките активности и остварувања во манастирот. Меѓу оние малубројни икони од тоа време што поседуваат повисоки стилско-ликовни вредности, ги издвојува иконата на св. Јован Претеча, како и иконата на Богородица Пантанаса, односно Богородица – Несвенлива роза.

Ангелина Поповска говори за „Конзарваторските записи за три икони од манастирот Слепче“: иконата на Господ Исус Христос – Спасител, на Богородица – Одигитрија и на Успение на Пресвета Богородица со претставите на светите Кузман и Дамјан.

Светозар Ангелов и Калина Минчева пишуваат за „Манастирите во Демирхисарско врз основа на податоци од фото-архивата на проф. Асен Василев“. Се работи за архиви што содржат значајни материјали и фотографии и од манастирите во Македонија. Меѓу нив посебно се истакнува фотографскиот материјал на црквите и манастирите во регионот на Демир Хисар создаден во 40-тите години на XX век. Текстот коментира приложени фотографии од манастирот Св. Атанасиј – Журче, Св. Јован Претеча и црквата Св. Јован Богослов во Слепче.

Исто областен и исто тематски е прилогот на Марија Полимирова, насловен: „Крушево, Прилеп и Трескавец, изразени во фото-архивата на проф. Асен Василев, зачувана во Центарот за славовизантиски студии 'Проф. Иван Дујчев'". Во прилогот се презентира фото-документација од црквите и манастирите од споменатите места: Крушево и црквата Св. Јован Претеча, Прилеп со градската архитектура, Старата саат-кула, црквата на Светото Благовештение, од Варош, како и црквата Св. Никола. Од манастирот Трескавец зачувани се повеќе фотографии од неговата архитектура, фрески, како и од дрвените резбани манастирски порти.

Уредник на зборникот е Сашо Цветковски, рецензент Цветан Грозданов, а технички уредник Виктор Недески. Ним треба да им заблагодариме што сите овие текстови се појавуваат во ова прекрасно печатено издание, кое е дел од библиотека „Небесни цветови", едиција „Беседи", а издавач е манастирот „Св. Атанасиј Велики" од Журче – Демир Хисар.

Овој зборник е едно заедничко истражување на вистината за манастирот Св. Јован Претеча од Слепче, еден од најзначајните книжевни центри во Македонија, со бројно монаштво, активен скрипториум и богата библиотека. Тоа значи дека цели векови наназад нашиот овдешниот народ од ова светилиште светлина приемал, од Слепче вид добивал и духовно прогледувал. Та, затоа и темните напади и искушенија во текот на неговата историја не успеале да го замрачат, да го обезличат и да го уништат. Голем благослов и дар Божји е возобновеното монаштво, кое повторно си ја презема улогата на духовен ориентир и молитвено огниште, со што историјата престанува да биде минато, туку станува бедем и цврста подлога врз која може да продолжи просветителската и духовна надградба при ова наше древно светилиште.